# Victorian Seniors Card









Ова е Seniors Card која овозможува многу придобивки и попусти.

Целта на Seniors Card е да ги поттикне постарите луѓе да продолжат да бидат активни и вклучени во заедницата, правејќи да им е поевтино да излегуваат.

За да имате право на Seniors Card во Викторија, мора да имате 60 или повеќе години, но картичка може да побарате до четири недели пред да наполните 60.

Мора да сте постојан жител на Австралија кој живее во Викторија.

**Постојат две различни картички**

- Ако работите помалку од 35 часа неделно, може да поднесете барање за Seniors Card.
- Ако работите 35 часа неделно или повеќе, може да поднесете барање за Seniors Business Discount картичка.

За да поднесете барање преку интернет, треба со себе да ја имате вашата Medicare картичка.

Тоа одзема пет минути и Seniors Card е бесплатна.

Формулари за пријавување исто така има во локалните библиотеки и таму може да ви помогнат околу пријавувањето преку интернет.

Носителите на Seniors Card и на Seniors Business Discount Card може да користат попусти на артикли и услуги во илјадници Seniors Card бизниси.

За корисниците на Seniors Card - бесплатна Seniors myki картичка кога ќе се вклучите во програмата со попусти во јавниот превоз.

**Некои од придобивките:**

Попусти во илјадници бизниси, вклучително ресторани.

Попусти за многу атракции, како што е Зоолошката градина во Мелбурн.

Влез во музеи со попуст.

Попусти за кино билети.

Гледајте каде има лого ‘Seniors Card Welcome Here’ или побарајте попусти со Seniors Card кога сте надвор.

## Поднесете барање преку интернет за да почнете да користите Seniors Card уште денес.

## **www.seniorsonline.vic.gov.au**

SENIORS CARD